Информации за собирање и обработка на податоци во врска со регистрација за настан

(во согласност со ПРАВИЛНИК ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ, Службен весник на РСМ, бр. 266 од 25.12.2024 година)

Во согласност со EU регулативата за GDPR, како позитивната законска во РС Македонија, проектот **„Подобрување на вештините за мониторинг и евалуација (МиЕ) на јавните и државните службеници "** ги собира и обработува податоците што ги давате при регистрација за овој настан само доколку е апсолутно неопходно. Личните податоци што се собираат вклучуваат вашето целосно име, институција/компанија, земја и контактни податоци, како што е е-пошта.

Основа за собирање и обработка на вашите лични податоци е вашата регистрација за соодветниот настан. Со вашата регистрација дадовте согласност за обработка на овие податоци за целите на вашето учество на настанот.

Вашите лични податоци може да се споделат со трети страни како ЕУ и други донатори на проектот, на пример, доколку се вклучени во список на учесници. Ова може да ги вклучи и другите учесници на настанот, како и ревизорски тела. Ако не сакате вашите регистрациски податоци да бидат споделени, контактирајте не електронска пошта: **men@men.mk**

Податоците ќе бидат чувани само онолку колку што е неопходно за реализација на настанот и документација за докажување на подобност на трошоците.

Информации за правни лекови

Можете да ја повлечете согласноста во секое време, испраќајќи е-пошта на: **men@men.mk**

Во согласност со GDPR, имате право да побарате од проектот **Подобрување на вештините за мониторинг и евалуација (МиЕ) на јавните и државните службеници:**

- Пристап до вашите лични податоци,
- Исправка или бришење на вашите лични податоци,
- Ограничување на обработката на податоците,
- Право на приговор против обработката,
- Право на преносивост на податоците.

За овие барања, испратете е-пошта на: **men@men.mk**

Дополнително, имате право да поднесете жалба до надлежниот регулаторен орган доколку сметате дека вашите права за заштита на личните податоци се повредени.

Со почит

Тимот на проектот **„Подобрување на вештините за мониторинг и евалуација (МиЕ) на јавните и државните службеници "**